РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-334/3
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК, продолжение на 6-та седница, одржана на ден 12.06.2024 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-4753/1 од 02.10.2023 година, оформен по пријава од непознат подносител против лицето __________, директор на ООУ ________, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 14.03.2023 година, поднесена е пријава против лицето ____________, директор на ООУ ________ по што првично оформен е предмет број 12-1611/1 во Секторот за спречување на корупцијата. Со службена белешка од 93-та седница на ДКСК одржана на ден 29.09.2023 година предметот е префрлен за постапување во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и е оформен предмет бр. 09-4753/1 од 02.10.2023 година.
Имено, во пријавата е наведено дека лицето _________, применува непотизам, односно ја вработува нејината ќерка во стручната служба – психолог, која што е воедно и придружник контролор на увид на часови, при тоа ќерката е вработена без соодветно образование за наставник.
ДКСК за целосно да ја утврди фактичката сосојба произлезена од пријавата со допис заведен под бр. 09-334/1 од 23.01.2024 година се обрати до ООУ _________ дали

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

во училиштето е вработено лице (ќерка) на службеното лице __________, директор на истото училиште, доколку е вработено тоа лице потребно е да се достави копија од целосната документација за нејзиното вработување/ангажирање во наведеното училиште и извадок од актот за систаметизација на работните места со измени.

На ден 21.02.2024 година со допис заведен под бр.09-334/2 до ДКСК доставени се податоци информации од страна на ООУ _________ во врска со тоа дека во истоименото училиште нема вработено блиско лице (ќерка) на службеното лице ________, директор на истото училиште.

При вака утврдена фактичка состојба по конкретниот предмет, ДКСК заклучи дека нема елементи што укажуваат на понатамошно постапување заради утврдување на постоење на судир на интереси согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 10.06.2024 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитриевска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: Ц.Р – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk